**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 04.10.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 4722 | 1 | |


**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** контролен;

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово;

3. **Период опфатен со надзорот:** 19 септември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 4 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (времетраењето на рекламирањето и на телешопинг спотовите во програмите на трговските радиодифузни друштва не смее да изнесува повеќе од 12 минути на еден реален час);

6. **Претходно изречена мерка:**

   *На 12.08.2016 година, за непочитување на членот 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе решение за изрекување мерка – опомена (Уп1 бр.03-432, 12.08.2016г.) на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово.*

   *Со изречената мерка, му наложи на радиодифузерот во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на решението (13.08.2016 г.), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.*

7. **Констатации од надзорот:**

   Со контролниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво ТВ ХАНА, Мевљан ДООЕЛ Куманово, емитуван на 19 септември 2016 година, на локално ниво (Општина Куманово, Општина Липково и Општина Старо Нагоричане), е констатирано дека радиодифузерот, **во целост постапил по решението**, односно ја отстранил извршената повреда на член 100 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Опис на прекршувањето: /
9. Предлог мерка: /

*Сектор за програмски работи*